РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 09 - 3792/4
08-01-2021 год.

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен со службена белешка од Одделението за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 45 - та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување на кумулација на функции согласно член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кај лицето ----------, бидејќи не се потврдени наводите.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-3792/1 од 04.11.2020 година.

Предметот со број 09-3792/1 од 04.11.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3792/1 од 04.11.2020 година е оформен со службена белешка од Одделението за спречување на корупцијата со наводи дека лицето ------------ бил именуван за претседател на Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом ----------- на ден 15.02.2019 година, а на ден 10.06.2020 година истиот бил именувал за В.Д. директор на ЈЗУ Здравствен дом ----------. Од констатираното, постои сомневање за кумулација на функциите на наведеното лице, односно лицето кога ја извршувал функцијата претседател на Управниот одбор било именувано и за В.Д. директор, а што би значело дека во исто време ги извршувал двете функции.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до ЈЗУ Здравствен дом -------- со Барање за достава на информации со бр. 09-3792/2 од 25.11.2020 година за достава на податоци во врска со лицето ---------- и негово именување на две функции.

По разгледување на доставената документација од страна на ЈЗУ Здравствен дом --------- во допис со бр. 09-3792/3 од 09.12.2020 година, Државната комисија го констатира следното:

---------- поднел Изјава до ЈЗУ Здравствен дом -------- на ден 05.12.2019 година дека поради лични причини се откажува од извршување на функцијата претседател и член на Управниот одбор на Здравствен дом ---------.

Советот на општина --------- на седницата одржана на 16.12.2019 година донесе Одлука за разрешување и именување на член на УО на ЈЗУ ЗД ------- со бр. 08-1645/1, со која лицето -------- се разрешува од должноста член на УО на ЈЗУ ЗД --------- поради поднесена оставка. На седница на УО на ЈЗУ Здравствен дом -------- одржана на 24.12.2019 година видено од доставениот Записник со бр. 02-391/2 од 25.12.2019 година на Дневен ред е разрешување на член на УО – ----------- и претставување на новиот В.Д. директор пред членовите на УО, односно претставување на лицето --------- како нов В.Д. директор на ЈЗУ ЗД -------------.

На седницата одржана на ден 29.12.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси против лицето ----------, В.Д. директор на ЈЗУ Здравствен дом ---------, бидејќи не се потврдуваат наводите во однос на прекршување на член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК